Друштво за теле... ...икации
НЕО... ДОО извоз-увоз ...
Примено: 19 -06- 2015
Орг. Един. | Број:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 8 став (1) точка 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014 и 44/2015) и член 10 став (2) и член 58 став (1) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015), во постапка на одобрување на Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, доставен со арх. број 09-2052 од 26.05.2015 година и дополнување арх. број 09-2204 од 04.06.2015 година, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 08.06.2015 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

I

**СЕ ОДОБРУВА** Стандардниот претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот на НЕОТЕЛ ДОО Скопје со адреса бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 15 Скопје, арх. број 09-2052 од 26.05.2015 година и дополнување арх. број 09-2204 од 04.06.2015 година.

II

Ова решение ќе се применува во рок од два дена од денот на приемот на истото.

III

Ова решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со член 8 став (1) точка 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014 и 44/2015) и член 10 став (2) и член 58 став (1) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015), операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје до Агенцијата за електронски комуникации, врз основа на барање за доставување на стандарден претплатнички договор на одобрување УП1-број-1605-166 од 18.03.2015 година, со допис наш број УП1-бр.1605-166 од 03.04.2015 година достави на одобрување Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот.

Во постапката на одобрување на доставениот Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, Агенцијата за електронски комуникации утврди дека членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 12, 13, 14 и 16 од истиот не се усогласени во целост со одредбите од член 3 точките 26. и 27., член 100, член 102 и член 107 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014 и 44/2015) и членовите 4, 8, 9, 11, 14, 15, 18, 19, 20 и 24 од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015). Заради наведените забелешки, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Решение УП1-број-1605-166 од 14.05.2015 година со кое операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје беше задолжен да го усогласи

Стандардниот претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот со одредбите од Законот за електронските комуникации и Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации и во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го достави на одобрување до Агенцијата за електронски комуникации.

Операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје со допис наш број УП1-број-1605-166 од 26.05.2015 година и дополнување наш број УП1-број-1605-166 од 04.06.2015 година достави на одобрување изменета и дополнета верзија на Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот.

Во постапката на одобрување, Агенцијата за електронски комуникации констатираше дека операторот постапил по сите забелешки и дека доставениот Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот е усогласен со одредбите на Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014 и 44/2015) и Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015).

Со оглед на ова, а во согласност со член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 8 став (1) точка 13 и член 107 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014 и 44/2015), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
УП1- број -1605-166
Скопје, 16.06. 2015 година

Изработил: м-р Славица Настеска
Раководител на одделение: Славица Поповска
Раководител на сектор: Васка Петровиќ
Советник: Горан Колевски

Советник: Синиша Апостолоски
Советник: Лилјана Денковска
Советник: Владимир Ристевски

Директор
Роберт Орданоски

Доставено до: архива,оператор